Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

# ПОМЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОЈУЗОТ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

## I СТРАНИ

Овој Меморандум за соработка е склучен помеѓу:

1. Владата на Република Македонија, Координативниот комитет за регулаторна гилотина

и

2. Сојуз на стопански комори на Македонија

## II ЦЕЛИ

### А. ВОВЕД

Големата продукција на регулатива во изминатите петнаесет години и континуитетот на дел од пред-транзициската подзаконска регулатива придонесоа за евидентно зголемување на регулаторниот и административниот товар за водење на бизнис. Големиот број на прописи и формалностите кои истите ги содржат ги подигнува административните бариери за водење на бизнис и наметнува високи трансакциони трошоци за фирмите и за физичките лица, со што се ослабува нивната конкурентска позиција. Истовремено, многу формалности во прописите се неконзистентни со напорите на Владата на Република Македонија да спроведе политики, кои се пријателски настроени кон бизнисот и кон граѓаните.
За таа цел, во рамките на регулаторната реформа, Владата на 28.11.2006 година донесе Одлука за воведување Гилотина на прописи, со што формално започна еден од најкрупните и најзначајни проекти за подобрување деловното окружување и на вкупната економска активност во Република Македонија наречен **Регулаторна гилотина**.
Регулаторната гилотина предвидува ревидирање и прочистување на сите прописи кои се однесуваат на бизнисите и на граѓаните, заради нивно поедноставување и елиминирање на несуштинските формалности и административни пречки, кои го оптоваруваат секојдневното работење, одземаат време, наметнуваат трошоци и обемна документација и создаваат простор за корупција.